ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 13.02.2012

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА СТАРИТЕ ОБРАСЦИ (УПАТИ)

Почитувани,

Иако новиот начинот на упатување на пациенти на повисоко ниво на здравствена заштита, задолжително почна да се применува од 01.01.2012 година, во праксата, истиот за жал се уште не се почитува во целост, однсно се користат стари обрасци кои не се веќе во употреба.

Затоа Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги задолжи сите здравствени установи на месечно ниво заедно со фактурите до Фондот да доставуваат списокот на ПЗУ и ЈЗУ, кои им упатиле пациенти со старите обрасци (упати), со цел Фондот да преземе мерки и да ги санкционира согласно договорите.

Истовремено во интерес на пациентите за да се спречи нивно враќање по новиот образец, ФЗОМ ги информираше сите здравствени установи, кои имаат склчено договор со Фондот, дека може да ги прифаќаат пациентите и да им ја пружат потребната здравствена услуга и со старите обрасци (односно упати).

Осигурените лица непочитувањето на насоките на Фондот во однос на прифаќањето на старите обрасци можат да го пријават на следните телефони: **0800 33222, 02 3289 011 и 02 3289 005.**

Со почит,
ФЗОМ